Република Северна Македонија
Општинско основно училиште
СТРАШО ПИНЏУР
Бр. 05-1411/1
16. 07 2021 од.
с.МАЛО КОЊАРИ, ПРИЛЕП

Друштво за промет и услуги
ТРИМАКС ДОО
Бр. 03/626
16.07.2021 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## ЗА НАБАВКА НА СТОКИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А.** Општинско Основно Училиште „Страшо Пинџур", с.Мало Коњари, 7500 Прилеп, лице за контакт Ирена Кироска,
(назив, адреса, седиште и држава),
застапуван/о од Директор Ирена Кироска
( во понатамошниот текст „Договорен орган„) од една страна,

и

**Б.** ТРИМАКС ДОО Скопје
- Адреса: Бул.Кузман Ј. Питу 15/6 Скопје
- Телефон: 02/2460-040
- Факс: 02/2401-282
- Е-пошта: jelena.t@trimaks.mk
- Лице за контакт: Јелена Тасевска

Даночен број: МК4030000378357
Матичен број: 5381991

(назив, адреса, седиште и држава)

застапуван/о од Јанковска Розета
( во понатамошниот текст „Носител на набавката„) од друга страна.

## II. ДЕФИНИЦИИ (ОБЈАСНЕНИЕ НА ПОИМИТЕ)

**Член 1**

За целите на овој Договор, одделни поими и изрази употребени во овој Договор го имаат следново значење:

1) „**Договорен орган„** - е субјект дефиниран во член 4 став 1 точки а), б), в), г) и д) од Законот за јавни набавки;

2) „**Носител на набавката**„ - е понудувач или група на понудувачи кои склучиле договор за јавна набавка;

3) „**Договор за јавна набавка на стоки„** - претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката;

4) „**Договорна цена„** - е цената која ја побарува Носителот на набавката како што е утврдено во овој Договор, вклучувајќи го и евентуалниот попуст што го дал;

5) „**Испорака„** - значи предавање на стоките од страна на Носителот на набавката на Договорниот орган во времето и на местото предвидено со овој Договорот, на начин на кој Договорниот орган се стекнува со право на сопственост на стоките;

## III. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Предмет на овој Договор е набавка на следните стоки и договорни цени врз основа на одлука за избор на најповолна понуда 05-2021-11330/21/1 од 10.07.2021 и тоа:

| р.б | Опис | Количина | Ед.мерка | Ед.цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Сметалка, абакус (бројалка со дрвени топчиња во различни бои) со минимални димензии 28*29*9 см | 6 | парче | 1.262,71 | 7.576,27 | 1.363,73 | 8.940,00 |
| 2 | Сет од минимлано 5 видови геометриски плочки изработени од пластика или еквивалентно во различни бои. Вкупно сетот да содржи минимално 55 плочки со различни бои и големини. | 3 | сет | 1.694,92 | 5.084,75 | 915,25 | 6.000,00 |
| 3 | Геотабла со минимална гоемина од 13*13*1 см. Изработена од пластика или еквивалентно со минимално со неа 100 ластичина за правење фигури во различни бои | 3 | парче | 762,71 | 2.288,14 | 411,86 | 2.700,00 |
| 4 | Флипчарт, пренослива табла со телескопски ногари и минимални димензии од 100*70 сантиметри. | 3 | парче | 2.118,64 | 6.355,93 | 1.144,07 | 7.500,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Магнет (потковичест), модел направен од магнетизиран челик или еквивалентно, обоен сино и црвено, во форма на потковица минимални димензии од должина 79, ширина 62 и дебелина 10 милиметри | 5 | парче | 338,98 | 1.694,92 | 305,08 | 2.000,00 |
| 6 | Магнет плочест изработен од магнетизиран челик обоен црвено и плаво со минимални димензии од 75х15х20 мм | 5 | парче | 211,86 | 1.059,32 | 190,68 | 1.250,00 |
| 7 | Дајре - со минимален Ф 16см. Музички инструмент со кружна форма, со дрвен обрач или еквивалентен материјал. По должина на обрачот да има минимално 4 отвори во кои се вметнати метални плочки. | 5 | парче | 847,46 | 4.237,29 | 762,71 | 5.000,00 |
| 8 | Резонатор виљушка 400 Hz со минимални димензии од висина од 29 сантиметри, изработена од резонантна вилушка на 400 Hz и дрвена или еквалентен материјал звучна кутија. | 3 | парче | 1.694,92 | 5.084,75 | 915,25 | 6.000,00 |
| 9 | Пар чинели изработени од метал и врвка со минимален Ф15 сантиметри. | 3 | пар | 847,46 | 2.542,37 | 457,63 | 3.000,00 |
| 10 | Ксилофон на дрвена основа или еквивалентно со две удиралки со минимални димензии од 32см должина, ширина 20сантиметар и дебелина од 1 сантиметар | 3 | парче | 1.694,92 | 5.084,75 | 915,25 | 6.000,00 |
| 11 | Триангл со мимимален ф10 сантиметри и метален чекан. | 10 | парче | 550,85 | 5.508,47 | 991,52 | 6.499,99 |
| 12 | Пар маракас тропалки со минимално должина од 20см. | 10 | пар | 550,85 | 5.508,47 | 991,52 | 6.499,99 |
| 13 | Синтисајзер со минимално 61 дирка со USB и MIDI поддршка. Минимално 600 бои и минимлано 26 хармонии. Гаранција минимално 12 месеци. | 1 | парче | 15.974,58 | 15.974,58 | 2.875,42 | 18.850,00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Маркер, конусен(корнет) со минимална висина од 30 сантиметри изработен од пластика или еквивалентно | 50 | парче | 169,49 | 8.474,62 | 1.525,43 | 10.000,05 |
| 15 | Маркери во вид на чинија со мининален пречник од 20 сантиметри | 50 | парче | 33,90 | 1.694,92 | 305,08 | 2.000,00 |
| 16 | Маркер морнарска скала со должина не пократка од 6 метри и минимално 12 скалила | 3 | парче | 1.694,92 | 5.084,75 | 915,25 | 6.000,00 |
| 17 | Гимнастички душеци со минимално димензии од 200см Х 140см и дебелина од 4 сантиметри | 3 | парче | 5.932,20 | 17.796,61 | 3.203,39 | 21.000,00 |
| 18 | Топка за фудбал изработена од гума или друг еквивалентен материјал | 20 | парче | 508,47 | 10.169,49 | 1.830,51 | 12.000,00 |
| 19 | Гумена топка за кошарка или еквивалентно. Големина минимално 7 (749-762мм). Тежина од 567-623 гр | 20 | парче | 593,22 | 11.864,41 | 2.135,59 | 14.000,00 |
| 20 | Топче за ПИНГ-ПОНГ минимално 40mm | 10 | парче | 25,42 | 254,24 | 45,76 | 300,00 |
| 21 | Топка за ракомет изработена од гума или еквивалент. Големина на топка број 1. | 10 | парче | 423,73 | 4.237,29 | 762,71 | 5.000,00 |
| 22 | Обрач-хулахоп со минимален дијаметар од 65 сантиметри | 30 | парче | 127,12 | 3.813,56 | 686,44 | 4.500,00 |
| 23 | Јаже за скокање гумено<br>Јажето во внатрешноста е со челична сајла, обложена со гума, со должина од минимално 2,5 метри. Јажето има пластични рачки обложени со сунѓер со должина на една рачка минимално 10 см.<br>Дијаметар на сајла минимално Ф3мм | 20 | парче | 169,49 | 3.389,85 | 610,17 | 4.000,02 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Рипстол изработен од дрво - ела, смрека или еквивалентно попречните прачки од јасен или парена бука или еквиваленто минимално 16 прачки<br>Завршна обработка – лакирана со полиуретански безбоен лак<br>Надворешни димензии (ШхДхВ – мм): минимално 880 х 155 х 2600 мм | 2 | парче | 12.288,14 | 24.576,27 | 4.423,73 | 29.000,00 |
| 25 | Шведска клупа со минимални димензии од 390*25*35см, изработена од дрво јасен или бука или еквивалентно, заштитена со полиуретански лак. | 3 | парче | 14.830,51 | 44.491,52 | 8.008,47 | 52.500,00 |
| 26 | Детски кош со светли бои и мазни рабови, опремен со професионален обрач и мрежа, Основата се полни со вода или песок за дополнителна стабилност.<br>Прилагодлива висина од 170см. | 4 | парче | 5.169,49 | 20.677,97 | 3.722,03 | 24.400,00 |
| 27 | Мрежа за одбојка. Мрежа за одбојка изработена од полиестер конец со дебелина минимално 3мм, ширина на поле коцка максимално 12*12см. Опшиена со бела лента во горниот дел во која има челична сајла со дебелина минимално 3мм. Минимални димензии на цела мрежа 9,5метри * 1м. | 3 | парче | 4.237,29 | 12.711,86 | 2.288,14 | 15.000,00 |
| | Вкупно | | | | 237.237,33 | 42.702,72 | 279.940,05 |

## IV. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е странскиот јазик со превод на Македонски јазик.

Во случај на спор релевантна е верзијата на Договорот на Македонски јазик.

## V. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Вкупната цена на стоката/те без ДДВ износува **237.237,33 денари**
Вкупната цена на стоката/те со ДДВ износува **279.940.05 денари.**

## VI. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Договорот се склучува на определено време за период од 30 денови од денот на склучувањето или до претходно искористување на средствата наведени во член 4 од договорот.

## VII. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА/ТЕ

**Член 6**

Носителот на набавката е должен испораката на стоката/те да ја изврши во рок од 20 денови од денот на склучување на овој Договор, до адресата на Договорниот орган.

Испораката на стоката/те се смета за извршена по потпишувањето на испратницата од овластеното лице на Договорниот орган и овластеното лице на Носителот на набавката

## VIII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 7**

Во случај на доцнење со испораката на стоките од член 2 од овај договор од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,5 % од вреднсот на договорот за секој закаснет ден од рокот наведен во член 7 од овај договор.

Во случај на 2 (две) последователни неиспораки, Договорниот орган има право по предходно доставено писмено известување до Носителот на набавката за испорака на стоките наведени во член 2 во дополнително оставен рок од 1 ден да го раскине Договорот

за испорака на стоките наведени во член 2 со проста изјава и да склучи Договор за испорака на стоките наведени во член 2 со второрангираниот понудувач.

Во случај на став 3 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

Договорниот орган неможе да бара договорна казна поради задоцнување ако го примил исполнувањето на обврската, а без одлагање не му соопштил на Носителот на набавката дека го задржува своето право на договорна казна.

## IX. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 8**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 2 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- пресметка за ДДВ;
- вкупна цена за исплата по фактурата
- валута на плаќање.

## X. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ, ЗАТЕЗНА КАМАТА ЗА ЗАДОЦНЕТО ПЛАЌАЊЕ

**Член 9**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниов начин: вирмански.

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши во рок од 30 до 60 дена од денот на приемот на фактурата во архивата на Договорниот орган, на сметка и банка за која писмено ке го извести Носителот на набавката.

Прилог на фактурата е уредно заверена испратница.

Во случај Договорниот орган да не ја плати фактурата во договорениот, рок се засметува законска затезна камата во висина определена согласно позитивните законски прописи.

## XI. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 10**

Сите спорови кои ќе произлезат од овој договор или во врска со него, ќе се решаваат пред Основниот суд во Прилеп.

## XII. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 11**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 12**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 13**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| | |
|---|---|
| ООУ „Страшо Пинџур“ | ТРИМАКС ДОО |
| Директор | Јанковска Розета |
| Ирена Кироска | |
| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |

Република Северна Македонија СТРАШО ПИНЏУР с.Мало Коњари, Прилеп Општинско основно училиште

Друштво за промет и услуги ТРИМАКС ДОО СКОПЈЕ